**ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР**

# К О Н Ц Е П Ц И Ј А

## ЗА МАТУРА И ЗА ЗАВРШЕН ИСПИТ ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ СО ЧЕТИРИГОДИШНО ТРАЕЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

– ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА –

Скопје, 2009

**Работна група за изработка на Концепцијата:**

*Раководител:* д–р Ласте Спасовски

*Членови:* Бојана Нацева
д–р Гоце Коларовски
м–р Горица Мицковска
Ѓорѓи Андреевски
д–р Насе Кондовски
Гордана Трајкова–Костовска
Крсте Василевски
м–р Бети Ламева
Агим Рушити
Лирие Реџепи
Виолета Грујевска
Трајче Ѓорѓијевски
Снежана Димовска
Тања Андонова – Митревска
Кирил Ќамилов

Концепцијата за матура и за завршен испит во јавното средно образование во Република Македонија е предложена од Државниот матурски одбор и усвоена со решение на министерот за образование и наука, бр. 11–6099/2 од 10.10.2005 година.

**Работна група за измени и дополнувања на Концепцијата:**

Катица Спасовска – Бинчева
Ѓорѓи Андреевски

во соработка со советниците од Државниот испитен центар, Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука.

Измените и дополнувањата на Концепцијата за матура и за завршен испит во средното образование со четиригодишно траење во Република Македонија се усвоени со решение на министерот за образование и наука, бр. 11–4074/2–09 од 14.01.2010 година.

# СОДРЖИНА


1. ПРИЧИНИ ЗА ИНОВИРАЊЕ НА ИСПИТИТЕ НА КРАЈОТ ОД СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ 5

2. ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА КОНЦИПИРАЊЕ НА ИСПИТИТЕ НА КРАЈОТ ОД ЧЕТИРИ-ГОДИШНОТО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ 7

3. ВИЗИЈА ЗА МАТУРАТА И ЗА ЗАВРШНИОТ ИСПИТ 8
   3.1. Цели на матурата и на завршниот испит 9
   3.2. Очекувани придобивки 9

4. МОДЕЛИ НА ИСПИТИ 12
   4.1. Државна матура во гимназиското образование 15
   4.2. Училишна матура во гимназиското образование 17
   4.3. Државна матура во четиригодишното средно стручно образование 19
   4.4. Завршен испит во четиригодишното средно стручно образование 21
   4.5. Државна матура во средното уметничко образование 23
   4.6. Училишна матура во средното уметничко образование 26

5. НАЧИН НА ОЦЕНУВАЊЕ 28

6. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ ЗА ПОЛАГАЊЕ МАТУРА И ЗАВРШЕН ИСПИТ 29

# 1 ПРИЧИНИ ЗА ИНОВИРАЊЕ НА ИСПИТИТЕ НА КРАЈОТ ОД СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Реформите во средното образование во Република Македонија започнаа со донесувањето на новиот Закон за средно образование во 1995 година. Во октомври 1996 година беа усвоени документите *Програмска структура на средното образование* и *Образовни профили во средното стручно образование*.

Во 1997 година беше подготвена ФАРЕ – програмата за реформа на средното стручно образование и обука во Република Македонија, која почна да се реализира од учебната 1999/2000 година во определен број средни стручни училишта. Основна цел на реформата беше да се развие систем на средно стручно образование и обука насочен кон барањата на пазарот на трудот.

Новиот Наставен план и програмите за гимназиското образование почнаа да се применуваат од учебната 2001/2002 година. Целта на промените во гимназиското образование беше да се подигне квалитетот на гимназиското образование со што ќе се овозможи подобра подготовка на учениците за продолжување на образованието. Најзначаен сегмент од промените во Наставниот план и програмите е тоа што на учениците им се дава поголема можност за избор на наставни предмети што ќе ги изучуваат. Притоа целите во програмите примарно

упатуваат кон организирање на наставен процес и учење во функција на развој на повисоките когнитивни способности, примена на знаења и оспособување за доживотно учење.

Согласно концепциските и содржинските промени на гимназиското, четиригодишното стручно образование и уметничкото образование, потребни се и промени во испитите на крајот од средното образование. Потребата од промени произлегува и од воочените слабости на постојните испити на крајот од средното образование кои немаа повратно влијание на квалитетот на образовниот процес и не беа доволно добра основа за селекција при упис во високото образование.

Воведувањето на централизирани испити на крајот од средното образование е во функција на контрола на квалитетот и подобрување на квалитетот на средното образование. Резултатите од постигањата на учениците можат да послужат како основа за дијагностицирање на добрите страни, но, во исто време, и на слабостите во системот на средното образование. Овие сознанија ќе им послужат на креаторите на образовната политика во нашата земја за планирање на стратегии и за преземање на активности во функција на подобрување на квалитетот на образованието.

# 2 ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА КОНЦИПИРАЊЕ НА ИСПИТИТЕ НА КРАЈОТ ОД ЧЕТИРИГОДИШНОТО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

Дефинирањето на концептот за испитите во четиригодишното средно образование се базира на општите принципи и цели во новите програмски документи. Основните принципи врз основа на кои се засновани предложените решенија за испитите се:

- приод ориентиран кон ученикот;
- испитите се интегрален дел на образовниот процес;
- испитите се показател за постигањата во средното образование;
- функционално поврзување на средното образование со високото образование и со пазарот на трудот.

Конципирањето на испитите на крајот од четиригодишното средно образование се темели на реализацијата на пробните екстерни испити во Р. Македонија, како и на сознанијата од ваквите испити во развиените европски земји.

# 3 ВИЗИЈА ЗА МАТУРАТА И ЗА ЗАВРШНИОТ ИСПИТ

Завршувањето на средното образование кај нас, како и во најголем број земји во светот, се совпаѓа со полнолетството, а претставува и пресвртница во животот на младиот човек. По средното образование, тој се вклучува или во пазарот на трудот или го продолжува своето академско образование на повисоко ниво.

Затоа е потребно средното образование да завршува со комплексен испит кој претставува завршница на дотогашното образование и е еден вид потврда на способноста на ученикот за самостојно продолжување на личниот и професионалниот живот.

Со овој документ се утврдени шест модели на испити. Гимназиското образование се заокружува со **државна матура** или со **училишна матура**, четиригодишното стручно образование со **државна матура** или со **завршен испит**, а средното уметничко образование со **државна матура** или со **училишна матура**.

## 3.1. Цели на матурата и на завршниот испит

Воведувањето на вакви испити во средното образование има за цел да го зголеми кредибили–

тетот на дипломите за завршено средно образование и повратно да влијае на подигање на квалитетот на образованието.

Поконкретно, целите на испитите се:

- подигање на квалитетот на средното образование;
- следење и контрола на реализацијата на наставните програми (засновани на образовни стандарди на државно ниво);
- стекнување диплома за завршено средно образование (заокружување на образованието со испит);
- селекција за универзитетското образование;
- информирање на учениците, родителите и образовните институции за постигањата на учениците добиени преку валидни и веродостојни мерења.

## 3.2. Очекувани придобивки

Со имплементацијата на оваа Концепција се очекува дека ќе се надминат најголемиот дел од слабостите на постојните испити на крајот на средното четиригодишно образование, како и на дел од слабостите на системот на средното образование. Очекувани придобивки од воведувањето на овие испити на крајот од средното образование се:

- **Поголем квалитет на матурските и на завршните испити.** Квалитетот на испитите ќе се подобри преку зголемениот број на ис–

пити што треба учениците да ги полагаат, особено во државната матура, и преку насоченоста на испитните цели да проверуваат претежно способности и компетенции. Поголемиот обем на екстерност и транспарентност во изведувањето на испитите ќе ја зголеми објективноста на резултатите кои ќе ги постигнат учениците.

- **Подобра прифатеност на дипломите.** Воведувањето на испити со поголем обем на екстерност и транспарентност од постојните, ќе претставува основа за поголема доверба во квалитетот на стекнатите знаења и способности на учениците како од страна на универзитетите, така и од страна на работодавачите. Преку ваквите испити се очекува стекнатите дипломи, без поголеми проблеми, да бидат прифатени не само во нашата земја, туку и во други земји каде што учениците би сакале да се вработат или да го продолжат образованието.

- **Надминување на двојните испити на крајот од средното образование.** Особена придобивка за учениците што го продолжуваат образованието ќе биде тоа што тие нема да полагаат посебен испит за влез на Универзитетот[1] и ќе биде олеснета нивната професионална ориентација.

[1] Освен за факултетите што проверуваат специфични способности (пр. Факултет за музички уметности, Факултет за драмски уметности, Факултет за физичка култура и др.).

- **Поквалитетна селекција за студии.** Предложените наставни предмети кои влегуваат во листата за државна матура добро ќе го прогнозираат успехот на учениците на студиите.

- **Подигање на квалитетот на средното образование.** Подигањето на квалитетот на испитите повратно ќе влијае на подигање на квалитетот на наставата и учењето, а особено на подигање на испитната култура во образованието и надминување на субјективноста во оценувањето.

- **Создавање база на валидни и објективни податоци.** Преку зголемувањето на екстерноста на испитите, дефинираноста на процедурите и прибирањето на податоците од испитите, на едно место ќе се создаде база на валидни и објективни податоци што ќе можат да се користат за анализа на состојбите и обезбедување на квалитет во системот на средното образование.

# 4 МОДЕЛИ НА ИСПИТИ

Моделот на испитите произлегува од општите цели на образованието и е во тесна врска со концептот на средното образование, односно со структурата на наставните планови и програми за гимназиското, средното стручно образование и средното уметничко образование.

Наставниот план за гимназиското образование содржи задолжителни предмети, задолжително – изборни програми, изборни предмети и проектни активности. Вака структурирано, гимназиското образование, пред сѐ, има за цел да ги подготвува учениците за универзитетски студии.

Во средното стручно образование во моментот се реализираат нови наставни планови и програми и стари наставни планови и програми.

Наставните планови за реформираното стручно образование и обука во траење од четири години содржат наставни предмети од областа на општото образование, стручното образование (каде посебно место има практичната обука), изборната настава и задолжителните активности. Наставните планови за стручното образование и обука, кои не се опфатени со реформата, содржат наставни предмети од областа на општото образование и стручното образование. Основната цел на средното стручно образование во траење од четири години е подготвување на учениците за вработување, но и за про-

должување на нивното образование на високообразовните институции.

Средното уметничко образование е реформирано и се реализира според нов Наставен план кој содржи општообразовни, стручни, изборни предмети и задолжителни изборни активности.

Оваа Концепција ги содржи следниве видови испити:

- **државна матура** во гимназиското образование;
- **училишна матура** во гимназиското образование;
- **државна матура** во средното стручно образование;
- **завршен испит** во средното стручно образование;
- **државна матура** во средното уметничко образование.
- **училишна матура** во средното уметничко образование.

Во државната матура е понагласена селективната, а во училишната матура и во завршниот испит сертификатната улога. Во предложената Концепција е обезбедена доволно добра поврзаност меѓу **училишната матура** и **завршниот испит**, кои ќе ги организираат и спроведуваат училиштата, и **државната матура**, која ќе биде организирана и спроведувана целосно или делумно на централно ниво. Без оглед на тоа за кој вид на испит ќе се определи ученикот, во доволна мера ќе се обезбеди проверка на неговата оспособеност за вклучување на пазарот на трудот. На учениците што ќе полагаат испит

**Графички приказ на испитите на крајот на гимназиското, средното стручно и средното уметничко образование**



со примарно сертификатна функција им се дава можност подоцна да полагаат и **државна матура**.

Овој документ не ги содржи видовите на испити на крајот од стручното образование со траење од три години, стручното оспособување во траење до две години и на крајот од специјалистичкото образование, затоа што овие нивоа на средно образование сè уште не се реформирани. По завршувањето на промените, проектираните решенија на овие видови испити ќе бидат составен дел на оваа Концепција. Дотогаш овие испити ќе се полагаат врз основа на посебни правилници.

## 4.1. Државна матура во гимназиското образование

**Државната матура** во гимназиското образование, покрај тоа што претставува завршен дел на гимназиското образование, има за цел да послужи и за селекција на кандидатите за запишување на универзитетски студии.

**Државната матура** се полага според посебни испитни програми кои се темелат на наставните програми за соодветните наставни предмети вклучени во листата за матура.

**Државната матура** опфаќа: **задолжителен дел**, **изборен дел** и **проектна задача**.

1. **Задолжителниот дел** го сочинува еден наставен предмет:
   - македонски јазик и литература (албански јазик и литература или турски јазик и лиература).

**2.** **Изборниот дел** од државната матура го сочинуваат три наставни општообразовни предмети[2], кои ученикот ги бира од поширока листа на наставни предмети.

**3.** **Проектната задача** е проучување на проблем што ученикот го избира од некој (некои) од наставните предмети или пошироко од образовните области.

Проектната задача има за цел да ја провери оспособеноста на учениците за:

- самостојно планирање, проучување и истражување на одделни проблеми;
- самостојно користење на извори на информации и информатичка технологија;
- планирање и изведување на експерименти;
- презентирање на добиените сознанија од проучувањето.

Ученикот има право покрај четири предмети и проектна задача кои задолжително треба да ги полага, да избере и други, најмногу два кои може да ги избира од листата на предмети за изборниот дел од државната матура. Дополнителните два испити на ученикот му овозможуваат пошироки предуслови за запишување на високото образование.

### *Начин на проверка на знаењата, умеењата и способностите*

**Проверувањето** на знаењата, умеењата и способностите на кандидатите и оценувањето за

[2] Види Листа 1 во Прилози на Концепцијата.

сите наставни предмети и од **задолжителниот** и од **изборниот дел од државната матура** се врши **екстерно**[3] преку писмени испити, а за одделни способности („Говорење“ во мајчин јазик, односно „Зборување“ во странски јазик) **интерно**[4] преку усни испити. Проверувањето на знаењата, умеењата и способностите на кандидатите за изготвување на проектната задача се врши **интерно**.

## 4.2. Училишна матура во гимназиското образование

Овој испит е наменет за учениците од гимназиското образование кои не се определиле за државна матура. Целта на овој испит е добивање сертификат за завршено гимназиско образование.

**Училишната матура** се полага според посебни испитни програми кои се темелат на наставните програми за соодветните наставни предмети[5] вклучени во листата на наставни предмети за училишна матура.

**Училишната матура** опфаќа: **задолжителен дел, изборен дел** и **проектна задача.**

1. **Задолжителниот дел** го сочинува еден наставен предмет:
   - македонски јазик и литература (албански јазик и литература или турски јазик и литература).

[3] Проверката и оценувањето се изведува од страна на надворешни, независни оценувачи.

[4] Проверката и оценувањето се изведува од страна на училишните предметни комисии.

[5] Испитните програми се направени на пониско ниво (со базични барања) во споредба со испитните програми за државна матура.

2. **Изборниот дел** го сочинува еден наставен предмет, кој ученикот го избира од поширока листа на наставни предмети[6].

3. **Проектната задача** е проучување на проблем што ученикот го избира од некој (некои) од наставните предмети или пошироко од образовните области.

Проектната задача има за цел да ја провери оспособеноста на учениците за:

- самостојно планирање, проучување и истражување на одделни проблеми;
- самостојно користење на извори на информации и информатичка технологија;
- планирање и изведување на експерименти;
- презентирање на добиените сознанија од проучувањето.

### *Начин на проверка на знаењата, умеењата и способностите*

Проверувањето на знаењата, умеењата и способностите на кандидатите и оценувањето по наставните предмети од **задолжителниот**, од **изборниот дел** и **проектната задача**, ќе се врши **интерно**.

За испитите по овие наставни предмети, испитните програми се изготвуваат екстерно, а спроведувањето на испитите и оценувањето се изведува од страна на училишните предметни матурски комисии. По потреба, заради проверка на релијабилноста на оценувањето во различни училишта, одреден примерок на трудови ќе бидат екстерно проверени.

[6] Види Листа 1 во Прилози на Концепцијата.

## 4.3. Државна матура во четиригодишното средно стручно образование

**Државната матура** во четиригодишното средно стручно образование, покрај тоа што претставува завршен дел на средното стручно образование, има за цел да послужи и за селекција на кандидатите за запишување на више и високо стручно образование и на соодветни факултети.

**Државната матура** се полага според посебни испитни програми кои се темелат на наставните програми за соодветните наставни предмети кои се вклучени во листата за матура.

**Државната матура** опфаќа: **задолжителен дел**, **изборен дел** и **проектна задача**.

1. **Задолжителниот дел** го сочинува еден наставен предмет:
   - македонски јазик и литература (албански јазик и литература или турски јазик и литература).

2. **Изборниот дел** од државната матура го сочинуваат три наставни предмети. Два наставни предмети ученикот избира од листата на општообразовни наставни предмети за државна матура[7], а третиот наставен предмет го избира од листата на стручни предмети[8].

3. **Проектната задача** е проучување на проблем што ученикот го избира од некој (некои)

[7] Види Листа 2 во Прилози на Концепцијата.
[8] Види Листа 3 во Прилози на Концепцијата.

од наставните предмети или пошироко од образовните области.

Проектната задача има за цел да ја провери оспособеноста на учениците за:

- самостојно планирање, проучување и истражување на одделни проблеми;
- самостојно користење на извори на информации и информатичка технологија;
- планирање и изведување експерименти;
- проектирање на соодветни решенија за изработка на одделни производи или вршење на одделни услуги;
- подготвување на документација;
- презентирање на добиените сознанија од проучувањето.

Ученикот има право покрај четири предмети и проектна задача кои задолжително треба да ги полага, да избере и други, најмногу два кои може да ги избира од листата на предмети за изборниот дел од државната матура. Дополнителните два испити на ученикот му овозможуваат пошироки предуслови за запишување на високото образование.

### *Начин на проверка на знаењата, умеењата и способностите*

**Проверувањето** на знаењата, умеењата и способностите на кандидатите и оценувањето за наставните предмети од з**адолжителниот дел** и од **двата наставни предмети од листата на општообразов-**

**ни наставни предмети за државна матура** се врши **екстерно** преку писмени испити, а проверувањето на стручниот предмет и одделни способности („Говорење“ во мајчин јазик, односно „Зборување“ во странски јазик) **интерно** преку усни и писмени испити.

Проверувањето на знаењата, умеењата и способностите за изготвување на проектната задача се врши **интерно**, но пред соодветна комисија составена од претставници на училиштето и на социјалните партнери (претставници на трговските друштва од соодветната дејност предложени од Стопанската комора, Занаетчиската комора, Синдикатот, Бирото за вработување и сл.).

## 4.4. Завршен испит во средното стручно образование со четиригодишно траење

Овој испит е наменет за учениците од четиригодишното средно стручно образование кои не се определиле за државна матура. Целта на овој испит е добивање на сертификат за завршено четиригодишно средно стручно образование.

**Завршниот испит** се полага според посебни испитни програми кои се темелат на наставните програми за соодветните наставни предмети[9].

**Завршниот испит во четиригодишното средно стручно образование** опфаќа: **задолжителен дел, изборен дел** и **проектна задача**.

[9] Испитните програми се направени на пониско ниво (со базични барања) во споредба со испитните програми за државна матура.

1. **Задолжителниот дел** го сочинува испитот по предметот:

   - македонски јазик и литература (албански јазик и литература или турски јазик и литература).

2. **Изборниот дел** од завршниот испит има за цел да ги провери клучните стручни знаења и компетенции. Овој дел го сочинува еден наставен предмет кој ученикот го избира од листата[10] на стручни наставни предмети.

3. **Проектната задача** од завршниот испит има за цел да ја провери **практичната оспособеност на ученикот** за вршење на работи од областа на струката. Особено се проверува оспособеноста на учениците за:

   - проектирање на одделни решенија за изработка на производи или за вршење на одделни услуги;
   - изведување на одделни фази поврзани со ракување со средства, предмети за работа, начини и постапки на изведување на работите;
   - подготвување на документација;
   - презентирање на добиените сознанија.

[10] Види Листа 3 во Прилози на Концепцијата.

### *Начин на проверка на знаењата, умеењата и способностите*

**Проверувањето** на знаењата, умеењата и способностите на кандидатите и оценувањето по наставните предмети од задолжителниот, изборниот дел и проектната задача се врши **интерно**.

За испитите по овие наставни предмети испитните програми се подготвуваат екстерно, а спроведувањето на испитите се изведува од страна на училишните предметни комисии за завршен испит.

Проверувањето на знаењата, умеењата и способностите за изготвување на проектната задача се врши **интерно**, но пред соодветна комисија составена од претставници на училиштето и на социјалните партнери (претставници на трговските друштва од соодветната дејност предложени од Стопанската комора, Занаетчиската комора, Синдикатот, Бирото за вработување и сл.).

## 4.5. Државна матура во средното уметничко образование

**Државната матура** во средното уметничко образование, покрај тоа што претставува завршен дел на овој вид образование, има за цел да послужи и за селекција на кандидатите за запишување на високообразовните институции.

**Државната матура** се полага според посебни испитни програми кои се темелат на наставните програми за соодветните наставни предмети вклучени во листата за матура.

**Државната матура** опфаќа: **задолжителен дел**, **изборен дел** и **проектна задача**.

1. **Задолжителниот дел** го сочинува еден наставен предмет:
   - македонски јазик и литература (албански јазик и литература или турски јазик и литература).
2. **Изборниот дел** од државната матура го сочинуваат три наставни предмети. Два наставни предмети ученикот избира од листата на општообразовните наставни предмети за државна матура[11], а третиот наставен предмет го избира од листата на стручните предмети[12].
3. **Проектната задача** е проучување на проблем што ученикот го избира од некој (некои) од наставните предмети или образовни области карактеристични за насоката.

Проектната задача има за цел да ја провери оспособеноста на учениците за:

- самостојно планирање, проучување и истражување на одделни проблеми;
- самостојно користење на извори на информации и информатичка технологија;
- проектирање на соодветни решенија за изработка на одделни продукти или сценски изведби;
- презентирање на добиените сознанија, изработениот продукт и сценската изведба.

[11] Види Листа 4 во Прилози на Концепцијата.
[12] Види Листи 5, 6 и 7 во Прилози на Концепцијата.

Ученикот има право покрај четири предмети и проектна задача кои задолжително треба да ги полага, да избере и други, најмногу два кои може да ги избира од листата на предмети за изборниот дел од државната матура. Дополнителните два испити на ученикот му овозможуваат пошироки предуслови за запишување на високото образование.

### *Начин на проверка на знаењата, умеењата и способностите*

**Проверувањето** на знаењата, умеењата и способностите на кандидатите и оценувањето за наставните предмети од з**адолжителниот дел** и од **двата наставни предмети од листата на општообразовни наставни предмети за државна матура** се врши **екстерно** преку писмени испити, а проверувањето на стручниот предмет и одделни способности („Говорење“ во мајчин јазик, односно „Зборување“ во странски јазик) **интерно** преку усни и писмени испити.

Проверувањето на знаењата, умеењата и способностите за изготвување на проектната задача се врши **интерно**, но пред соодветна комисија составена од претставници на училиштето и на друштвата или здруженијата на ликовните и музичките уметници.

Целта на овој испит е добивање сертификат за завршено уметничко образование.

## 4.6. Училишна матура во средното уметничко образование

**Училишната матура во средното уметничко образование** се полага според посебни испитни програми кои се темелат на наставните програми во реформираното средно уметничко образование.

Училишната матура содржи: **задолжителен дел, изборен дел** и **проектна задача**.

1. **Задолжителниот дел** го сочинува еден наставен предмет:
   - македонски јазик и литература (албански јазик и литература или турски јазик и литература).
2. **Изборниот дел** го сочинува еден стручен наставен предмет што ученикот го избира од наставните предмети заеднички за насоката[13].
3. **Проектната задача** е проучување на проблем што ученикот го избира од некој (некои) од наставните предмети или образовни области карактеристични за насоката.

Проектната задача има за цел да ја провери оспособеноста на учениците за:

- самостојно планирање, проучување и истражување на одделни проблеми;
- самостојно користење на извори на информации и информатичка технологија;

[13] Види Листи 5, 6 и 7 во Прилози на Концепцијата.

- проектирање на соодветни решенија за изработка на одделни продукти или сценски изведби;
- презентирање на добиените сознанија, изработениот продукт и сценската изведба.

### *Начин на проверка на знаењата, умеењата и способностите*

**Проверувањето** на знаењата, умеењата и способностите на кандидатите и оценувањето за наставните предмети од **задолжителниот** и од **изборниот дел на училишната матура** се врши **интерно**.

Проверувањето на знаењата, умеењата и способностите за изготвување на проектната задача се врши **интерно**, но пред соодветна комисија составена од претставници на училиштето и на друштвата или здруженијата на ликовните и музичките уметници.

# 5 НАЧИН НА ОЦЕНУВАЊЕ

Оценката на успехот на ученикот на секој од испитите ќе се искажува одделно на скала од 1–5.

Општ успех на матурата или на завршниот испит не се искажува.

Предлог–праговите за оценка доволен 2 и за оценка одличен 5 за секој екстерен испит ги определуваат стручни комисии по завршувањето на испитот, согласно Процедурите за организирање и спроведување на екстерниот дел од државната матура. Предлог–праговите од стручните комисии се доставуваат до Државниот матурски одбор. Тој истите или изменети предлог–прагови ги доставува до министерот за образование и наука, кој донесува конечна одлука.

Резултатите на кандидатите кои ги положиле екстерните испити се изразуваат со оценка на скала (од 2–5) и перцентилен ранг на скала (од 0–100).

Државната матура се смета за положена ако ученикот на сите пропишани испити постигне резултат најмалку еднаков на прагот на положеност.

Критериумите за секоја од оценките за **интерните испити** училишните предметни комисии ги изготват врз основа на испитните програми и испитните задачи за секоја година, пред спроведувањето на испитот. Тие се искажани преку описи на

знаења, умеења и способности што кандидатот треба да ги покаже за секоја од оценките.

Резултатите на кандидатите кои ги положиле интерните испити се изразуваат со оценка на скала (од 2–5)

Училишната матура и завршниот испит се сметаат за положени ако ученикот ги положи сите пропишани испити.

# 6 КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ ЗА ПОЛАГАЊЕ МАТУРА И ЗАВРШЕН ИСПИТ

## 6.1. Критериуми за избор на наставни предмети за полагање на државна матура и училишна матура во гимназиското образование

Изборен предмет може да биде наставен предмет кој исполнува еден од следните критериуми:

- Наставен предмет што се изучува најмалку две учебни години со најмалку два часа неделен фонд[14].
- Наставен предмет што се изучува со најмалку вкупен фонд од 136 часа[15].

## Критериуми за избор на проектна задача

- Проектната задача се избира од наставните предмети и области за кои се определил ученикот.

[14] Освен за наставниот предмет филозофија што се изучува во една учебна година.

[15] Освен за наставниот предмет филозофија што се изучува со 102 наставни часа вкупен фонд.

## 6.2. Критериуми за избор на наставни предмети за полагање на државна матура и завршен испит во средното стручно образование

Изборен предмет може да биде наставен предмет кој исполнува еден од следните критериуми:

- Наставен предмет што се изучува најмалку две учебни години со најмалку два часа неделен фонд.
